# DOMESTIC VERSUS FOREIGN VISITORS TO THE SPAS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Evgenija Markovska**
"Goce Delchev" University - Shtip, Republic of North Macedonia, Evgenija.31725@ugd.edu.mk
**Julijana Sazdova**
"Goce Delchev" University - Shtip, Republic of North Macedonia, Julijana.sazdova@ugd.edu.mk

**Abstract:** Thermal and SPA tourism enjoys great popularity among travelers worldwide. Refreshing massage, soothing baths or therapy with exotic hot stones attract a large number of women, as well as men every day. Thermal spa treatments have been proven to combat stress, reduce anxiety and help people feel more focused. Spas in the Republic of Macedonia mainly work with domestic visitors, the number of foreign visitors is significantly low, offering basic health services.Purpose: Since spa tourism in the Republic of North Macedonia is not very developed, the purpose of this paper is to see the attendance of the spas by domestic visitors compared to the attendance by foreign visitors. This research covers a 15-year period from 2008 to 2022 and presents the number of visitors as well as the number of overnight stays by domestic and foreign visitors. Methodology: In this scientific paper, several methods were used, including: analysis based on all published and available materials including: books, internet databases, magazines and all other published materials, method of comparison, which will serve us to make a comparison between the domestic and foreign visits to the baths, a method of compilation – citation of other people's thoughts/quotes and statements related to the scientific research work. The statistical data were obtained from the State Statistics Office of the Republic of North Macedonia. Results: In the researched period from 2008 to 2022, the least domestic visitors were in 2020 (11 376 in total), and the largest number of domestic visitors were in 2017 (28 227). From the foreign visitors, the least were in 2020, and their number was only 1500 visitors, and the highest number of visits were in 2022, 6 725 in total. The number of overnight stays by domestic visitors were the lowest in 2020 (74 399 overnight stays), and the highest in 2017 (217 064 overnight stays). The number of overnight stays by foreign tourists were the lowest in 2020 (16 406 overnight stays), and the highest in 2019 (38 187 overnight stays). Conclusions: For the period from 2008 to 2022, the spas in the Republic of Macedonia are dominantly visited by domestic tourists. The percentage of domestic visitors is between 77% and 88%. The percentage of foreign visitors ranges from 12% to 23%. The percentage of overnight stays in the spas is also higher by domestic visitors, so in this 15-year period it ranges from 79% to 89%. The percentage of overnight stays by foreign visitors ranges between 11% and 21%.
**Keywords:** SPA tourism, domestic visitors, foreign visitors

# ДОМАШНА НСПРОТИ СТРАНСКА ПОСЕТЕНОСТ НА БАЊИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Евгенија Марковска**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Северна Македонија, Evgenija.31723@ugd.edu.mk
**Јулијана Саздова**
Универзитет Гоце Делчев -Штип, Република Северна Македонија, Julijana.sazdova@ugd.edu.mk

**Резиме:** Бањскиот и СПА туризам уживаат голема популарност меѓу патниците ширум светот. Освежителната масажа, смирувачките бањи или терапија со егзотични топли камења мамат се поголем број на жени, но и мажи секој ден. Докажано е дека термалните спа третмани се борат против стресот, ја намалуваат анксиозноста и им помагаат на луѓето да се чувствуваат поконцентрирани. Бањите во Р.С.Македонија главно работат со домашни посетители, бројот на странски посетители е значително низок, нудејќи ги основните здравствени услуги. Цел на трудот: Бидејќи бањскиот туризам во Р.С.Македонија не е многу развиен, целта на овој труд е да се види колкава е посетеноста на бањите од страна на домашни посетители наспрема посетеноста од страна на странски посетители. Во ова истражување е опфатен 15 годишен период од 2008 до 2022 година и е претставен бројот на посетители како и бројот на ноќевања од страна на домашни и стански посетители. Материјали и методи: Во овој научен труд се користени повеќе методи меѓу кои: анализа која што се базира на сите објавени и достапни материјали вкулучувајќи: книги, интернет податоци, списанија и сите други објавени материјали, метод на компарација-односно споредба кој што ќе ни служи да се направи споредба помеѓу домашната и странската посетеност на бањите, метод на

компилација- превземање туѓи мисли/цитати и искази поврзани со научно истражувачката работа. Статисичките податоци се добиени од државниот завод за статистика на Р.С.Македонија. Резултати од истражувањето: Во истражуваниот период од 2008 до 2022 година најмалку домашни посетители имало во 2020 година (вкупно 11 376), а најголем број домашни посетители имало во 2017 година (28 227). Од странските посетители најмалку имало во 2020 година, а нивниот број изнесува само 1500 посетители, а најголем број посети имало во 2022 година, вкуно 6725. Бројот на ноќевања од страна на домашни туристи бил најмал во 2020 година (74 399 ноќевања), а најголем во 2017 година (217 064 ноќевања). Бројот на ноќевања од страна на странски туристи е најмал во 2020 година изнесува (16 406 ноќевања), а најголем во 2019 година (38 187 ноќевања). Заклучоци: Во периодот од 2008 до 2022 година во бањите во Република С.Македонија доминира посетеноста со домашни туристи. Процентот на домашна посетеност изнасува помеѓу 77% и 88%. Процентот на странски посетители се движи во рамките од 12% до 23%. Процентот на ноќевања во бањите е исто така поголем од страна на домашните посетители, па во овој 15 годишен период се движи во рамките од 79% до 89%. Процентот на ноќевања од странските посетители се движи помеѓу 11% до 21%.

**Клучни зборови:** Бањски туризам, домашни посетители, странски посетители

## 1. ВОВЕД

Бањите се од многу сложена и разновидна природа. Оваа разновидна природата започнува со името и неговите веројатни значења. Bath, bano, bad, therme/terme, grotto, spa, kúpele, fürdo – сите значат термална вода на база спа, на различни јазици. Преведено од оригиналниот јазик често се користи терминот „спа“, но овие установи навистина не се секогаш бањи. ISPA (2007) ги дефинираат бањите како „места посветени на подобрување на целокупната благосостојба преку разновидни професионални услуги кои поттикнуваат обнова на умот, телото и духот“. ISPA, исто така, ги дефинира клучните елементи на искуството во бањата: опуштање (на пр. управување со стресот), рефлексија (на пр. медитација), ревитализирање (на пр. енергија и подмладување) и радост (на пр. среќа и забава). Бањите може многу да се разликуваат во однос на она што го нудат, т.е нивните услуги или снабдување со третман, сепак, тие имаат една заедничка работа, а тоа е стремеж за подобрување на здравјето и благосостојбата. Повеќето бањи имаат некаква форма на третмани базирани на вода. Спа третманите станаа еден од најчестите начини луѓето да се грижат за своето тело. Совршени се за грижа како за физичкото така и за менталното здравје. Комбинацијата на терапии кои вклучуваат топли и ладни третмани се познати по ублажување на мускулните болки и болки, детоксикација на кожата, подобрување на метаболизмот на телото и зголемување на циркулацијата. Тие се исто така поврзани со подобрена ментална благосостојба, вклучително и подобар квалитет на спиење и помалку болни денови. Докажано е дека термалните спа третмани се борат против стресот, ја намалуваат анксиозноста и им помагаат на луѓето да се чувствуваат поконцентрирани. Бањите во Р.С.Македонија главно работат со домашни посетители, бројот на странски посетители е значително низок, нудејќи ги основните здравствени услуги, но од друга страна секоја од бањите има големи потенцијали за развој.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Во овој научен труд се користени повеќе методи меѓу кои се следните:

Анализа-анализата се врши врз основа на предходно проучувана содржина, односно со користење на сите достапни материјали како: книги, интернет податоци, извештаи, списанија и други објавени материјали,

Метод на компарација-односно споредба кој што ќе ни служи да се направи споредба помеѓу домашната и странската посетеност на бањите,

Метод на компилација- кој претставува метод на превземање туѓи мисли/цитати и искази поврзани со научно истражувачката работа.

Статистичките податоци се добиени од државниот завод за статистика на Р.С.Македонија и ги опфаќаат бројот на домашни посетители, бројот на странски посетители и бројот на ноќевања од страна на домашни и странски посетители за периодот од 2008 до 2022 година.

## 3. РЕЗУЛТАТИ

Табела број 1 ни го покажува бројот на домашните и странските посетители во бањите во Р.С.Македонија и истите податоци се прикажани во апсолутни и во процентуални вредности.

***Табела 1. Број на домашни и странски посетители во периодот од 2008 до 2022 година***

| Година | Домашни посетители | | Странски посетители | |
|---|---|---|---|---|
| | Апсолутни вредности | % | Апсолутни вредности | % |
| **2008** | 17 776 | 77 | 5 189 | 23 |
| **2009** | 17 069 | 80 | 4 307 | 20 |
| **2010** | 24 688 | 86 | 3 886 | 14 |
| **2011** | 23 401 | 85 | 4 040 | 15 |
| **2012** | 23 826 | 87 | 3 604 | 13 |
| **2013** | 24 380 | 86 | 4 025 | 14 |
| **2014** | 25 534 | 86 | 3 998 | 14 |
| **2015** | 25 533 | 88 | 3 636 | 12 |
| **2016** | 24 525 | 87 | 3 751 | 13 |
| **2017** | 28 227 | 88 | 3 962 | 12 |
| **2018** | 26 778 | 86 | 4 466 | 14 |
| **2019** | 22 776 | 82 | 4 871 | 18 |
| **2020** | 11 376 | 88 | 1 500 | 12 |
| **2021** | 17 188 | 85 | 2 916 | 15 |
| **2022** | 26 063 | 79 | 6 729 | 21 |

**Извор:** Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

За поголема прегледност истите резултати се прикажани линеарно во графикон број 1, од каде може да се забележи дека бројот на домашни посетители бележи падови и издигнувања низ годините со нагол пад на посетеноста во 2020 година и повторно зголемување во следните две години. Додека пак бројот на странски посетители е со многу мали промени се до 2020 година каде бележи значително намалување на посетеноста, а потоа следи повторно зголемување во следните две години достигнувајќи го својот максимум во 2022 година.

***Графикон 1. Број на домашни и странски посетители во периодот од 2008 до 2022 година***




**Извор:** Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

Во табела број 2 е прикажан бројот на ноќевањата од страна на домашните и странските посетители по години за периодот од 2008 до 2022 година. Добиените вредности се прикажани во апсолутни и процентуални вредности.

***Табела 2. Број на ноќевања од домашни и странски посетители во периодот од 2008 до 2022 година***

| Година | Ноќевања од домашни посетители | | Ноќевања од странски посетители | |
|---|---|---|---|---|
| | Апсолутни вредности | % | Апсолутни вредности | % |
| **2008** | 108 634 | 79 | 28 532 | 21 |
| **2009** | 106 980 | 79 | 27 860 | 21 |
| **2010** | 189 324 | 87 | 27 202 | 13 |
| **2011** | 193 274 | 88 | 27 366 | 12 |
| **2012** | 190 749 | 88 | 25 767 | 12 |
| **2013** | 195 665 | 88 | 26 697 | 12 |
| **2014** | 199 159 | 89 | 25 215 | 11 |
| **2015** | 192 750 | 89 | 22 791 | 11 |
| **2016** | 201 781 | 89 | 26 138 | 11 |
| **2017** | 217 064 | 89 | 28 010 | 11 |
| **2018** | 206 804 | 87 | 30 747 | 13 |
| **2019** | 182 562 | 83 | 38 187 | 17 |
| **2020** | 74 399 | 82 | 16 406 | 18 |
| **2021** | 123 128 | 85 | 22 158 | 15 |
| **2022** | 174 269 | 84 | 33 983 | 16 |

**Извор:** Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

За поголема прегледнот истите податоци се претставени линеарно во графикон 2, од каде може да се забележи дека бројот на ноќевања од страна на домашни посетители бележи големи варирања низ годините со нагол пад во 2020 година, додек пак бројот на ноќевања од страна на странските туристи е со многу мали варијации се до 2019 година каде го достигнува својот максимум, за потоа во 2020 година да се забележи нагол пад на бројот на ноќевања.

***Грфикон 2. Број на ноќевања од домашни и странски посетители во периодот од 2008 до 2022 година***




**Извор:** Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

**4. ДИСКУСИЈА**

Странски туристи се поединци кои посетуваат други земји за раличні цели како што се одмор, рекреација, забава, знаење или лекување. Доколку не се поминуваат националните граници, тогаш станува збор за домашен туризам. Според направеното истражување за посетеноста на бањите во Република С.Македонија за 15 годишен период повеќе од очигледно е дека доминира посетеноста од домашни посетители. Домашната посетеност изнасува најмалку 77% во 2008 година, а најмногу 88%. Изразено во апсолутни вредности најмалку домашни посетители имало во 2020 година (вкупно 11 376), а најголем број домашни посетители имало во 2017 година (28 227). Од странските посетители најмалку имало во 2020 година, а нивниот број изнесува само 1500 посетители, а најголем број посети имало во 2022 година вкуно 6 725. За разлика од домашните посетители процентот на странски посетители се движи во рамките од 12% до 23%. Процентот на ноќевања во бањите е исто така поголем од страна на домашните посетители, па во овој 15 годишен

период се движи во рамките од 79% до 89%, а од странските посетители процентот на ноќевања се движи помеѓу 11% до 21%. Изразено во апсолутни вредности бројот на ноќевања од страна на домашни туристи е најмал во 2020 година (74 399 ноќевања), а најголем во 2017 година (217 064 ноќевања ). Бројот на ноќевања од страна на странски туристи е најмал во 2020 година (16 406 ноќевања), а најголем во 2019 година (38 187 ноќевања).

## 5. ЗАКЛУЧОК

Во периодот од 2008 до 2022 година во бањите во Република С.Македонија доминира посетеноста со домашни туристи.

Процентот на домашната посетеност изнасува помеѓу 77% и 88%.

Процентот на странски посетители се движи во рамките од 12% до 23%.

Процентот на ноќевања во бањите е исто така поголем од страна на домашните посетители, па во овој 15 годишен период се движи во рамките од 79% до 89%.

Процентот на ноќевања од странските посетители се движи помеѓу 11% до 21%.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Aluculesei, A. C., Nistoreanu, P., Avram, D., & Nistoreanu, B. G. (2021). Past and future trends in medical spas: A co-word analysis. Sustainability, 13(17), 9646.

Association Resource Centre Inc., (2004). The ISPA 2004 spa industry study, KY International SPA Association, Lexington

Bookman Z.M., Bookman R.K.(2007) Medical tourism in developing countries, Palgrave Macmillan, New York, 95-169

Chatterjee, S., & Mandal, P. (2020). Traveler preferences from online reviews: Role of travel goals, class and culture, Tourism Management, 80, Article 104108

International Spa Association (2007). 2007 ISPA Industry Study. Published by Association Resource Center

Mihók, P., & Marčeková, R. (2022). Considerations on spa, spa tourism and some related terms definitions and positioning. International Journal of Spa and Wellness, 5(3), 320-329.

Pelegrín-Borondo, J., Araújo-Vila, N., & Fraiz-Brea, J. A. (2020, December). Comparison of Spa choice between wellness tourists and healthcare/medical tourists. In Healthcare (Vol. 8, No. 4, p. 544). MDPI.

Rodriguez–Sanchez, C., Sancho-Esper, F., Casado-Díaz, A.B., & Sellers-Rubio, R. (2020) Understanding in-room water conservationbehavior: The role of personal normative motives and hedonic motives in a mass tourism destination. J. Destin. Mark. Manag.,18

Kiss, K. (2015). The challenges of developing health tourism in the Balkans. Tourism: An International Interdisciplinary Journal, 63(1), 97 110

Минитерство за здравство (2012) Национална стратегија за развој на здравствен туризам на Република Македонија за период од 2012-2018, Скопје

Ташков, Н., &Методијески, Д., (2014), Термален туризам, Штип

Ташков, Н. (2004) Туристички вредности на бањите во Република Македонија. Штип.